**508.**

Врз основа на член 38 став (12) од Законот за фитофармација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 февруари 2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОРИ ЗА ПЛАСИРАЊЕ НА ПАЗАР НА ФИТОФАРМАЦЕВТСКИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Со оваа одлука се определува висината на трошоците за регистрација на економски оператори за пласирање на пазар на фитофармацевтски производи.

Член 2

Висината на трошоците за регистрација на економски оператори за пласирање на пазар на фитофармацевтски производи изнесува:

1) за запишување во Регистарот на економски оператори за пласирање на пазар на фитофармацевтски производи, за производство на фитофармацевтски производи изнесува 9.100,00 денари;

2) за запишување во Регистарот на економски оператори за пласирање на пазар на фитофармацевтски производи, за препакување на фитофармацевтски производи изнесува 9.100,00 денари;

3) за запишување во Регистарот на економски оператори за пласирање на пазар на фитофармацевтски производи, за пласирање на пазар на фитофармацевтски производи на мало за професионална употреба во специјализирани продавници – земјоделски аптеки изнесува 9.100,00 денари;

4) за бришење од Регистарот на економски оператори за пласирање на пазар на фитофармацевтски производи изнесува 1.000,00 денари и

5) за изменување на податоците за економскиот оператор во Регистарот на економски оператори за пласирање на пазар на фитофармацевтски производи изнесува 3.100,00 денари.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 40-2084/1 | Претседател на Владата |
| 9 февруари 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**509.**

Врз основа на член 74 став (4) од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија” бр.52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.248/20 и 302/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 февруари 2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ДРЖАВНИОТ УЧЕНИЧКИ ДОМ „МИРКА ГИНОВА“ БИТОЛА

Член 1

Со оваа одлука на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола му се доделуваат вкупно 94.022,00 денари, од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, раздел 16001, програма 5, потпрограма 50, расходна ставка 464 - разни трансфери.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука се доделуваат за подмирување на трошоци за тековно работење во однос на режии за електрична енергија, а кои не можеле да се предвидат и планираат во буџетот на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 40-2060/1 | Претседател на Владата |
| 9 февруари 2021 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**510.**

Врз основа на член 74 став (4) од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија” бр.52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.248/20 и 302/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 февруари 2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА УЧЕНИЧКИОТ ДОМ ПРИ СОУ „МИТКО ПЕНЏУКЛИСКИ“ КРАТОВО

Член 1

Со оваа одлука на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пенџуклиски“ Кратово му се доделуваат вкупно 72.550,00 денари, од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, раздел 16001, програма 5, потпрограма 50, расходна ставка 464 - разни трансфери.